Предмет: Покана за учество на дебата

Почитувани,

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) со задоволство Ве поканува да учествувате на дебатата „Предизвиците на кумулативната и интер-секциската дискриминација“ која ќе се одржи на **31 октомври 2013 г. (четврток)** во **11:00 ч.** во хотел Холидеј Ин, Скопје.

Целта на дебатата е да се презентира моменталната состојба во Македонија, европските искуства и практиките со справувањето со повеќекратната дискриминација. Посебен осврт ќе се даде на кумулативната и интер-секциската дискриминација.

Воведни излагања ќе имаат Јован Ананиев, член на КЗД и Жанета Попоска, ОБСЕ. Настанот ќе го фасилитира Емина Нурединоска од МЦМС. Присутните ќе можат активно да се вклучат во дискусија, изнесувајќи ги своите проблеми, коментари и идеи кои понатаму ќе бидат соодветно проследени и кон кои ќе се насочат решенијата во иднина.

Дебатата е дел од активностите на проектот „Од норма до пракса за еднаквост“ кој го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот финансиски е поддржан од програмата Прогрес (2007-2013) на Европската Унија. Главната цел на проектот е да се придонесе кон почитувањето на еднаквоста, како и да се поттикне борбата против дискриминацијата, преку подигнување на свеста на широката јавност, но и на клучните чинители во општеството. Понатаму, преку проектот ќе се унапредат националните правни инструменти и механизми, со цел да се надминат најголемите предизвици во справувањето со дискриминацијата во пракса.

Ве молиме вашето присуство да го потврдите до **понеделник, 29 октомври 2013 г. (вторник)** на е-маил sog@mcms.mk. За сите дополнителни информации побарајте ја Симона Огненовска на телефон 02/3088-985.

Прилог: Предлог агенда

Со почит,

ФШб/ФШб

08-72/27-2013
Скопје, 24.10.2013

Александар Кржаловски
Прв извршен директор

Димче Митрески
Извршен директор

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)

Дебата: Повеќекратна дискриминација

Наслов: Предизвиците на кумулативната и интер-секциската дискриминација

31 октомври 2013 г.(четврток)

11:00 ч., х. Холидеј Ин

Дневен ред

11:00 – 11:15	**Регистрација на учесниците**
11:15 – 11:30	**Вовед во дебатата и претставување на проектот „Од норма до пракса“** Емина Нурединоска, раководител на секторот за граѓанско општество во МЦМС
11:30 – 12:00	**Предизвиците на кумулативната и интер-секциската дискриминација** Жанета Попоска, ОБСЕ Повеќекратната дискриминација, со посебен осврт на кумулативната и интер-секциската дискриминација и предизвиците во справувањето со неа како во европските судски инстанци така и кај нас
12:00 – 12:30	**Македонското и европското искуство во утврдувањето на повеќекратната дискриминација** Јован Ананиев, член на Комисија за заштита од дискриминација, КЗД Презентирање на конкретни примери каде е утврдена повеќекратна дискриминација и презентирање на спротиставени мислења околу конкретни ситуации.
12:30 – 13:00	**Дискусија**
13:00	**Коктел**

Проектот „**Од норма до пракса**“ е поддржан од Програмата на Европска Унија за вработување и социјална солидарност – ПРОГРЕСС (2007-2013)